КИРСМ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
DHOMA E PËRMBARUESVE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 02-218/16-1
08.05. 25 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 78 од Законот за извршување („Службен весник на РМ" бр.72/15, 142/16, 233/18, 14/20 и 154/23) Управниот одбор на Комората на извршители на РСМ на 263-та седница на Управниот одбор на КИРСМ одржана на ден 08.05.2025 година го усвои следниот

СТАВ

Не постои судир на надлежности при одлучување на судот по повод приговор против незаконитости во делот на висината и основот на определените трошоци во актите на извршителите и постапување на органите на Комората при вршење надзор над работењето на извршителите со цел воедначено постапување на извршителите и правилна примена на Тарифата односно надлежноста на Претседателот на Комората да ги решава конфликтите меѓу извршителите и странките и како овластен подносител да поведува дисциплинска постапка на извршителот заради повреди на Тарифата.

Странките во извршувањето имаат законско право на судска заштита со поднесување на приговор против незаконитости со наводи за основот и висината на трошоците.

Судот е надлежен мериторно да одлучува по повод приговор против незаконитости во извршувањето кои се однесуваат на трошоците на извршувањето со кои извршителот ја задолжил странката и при тоа целосно или делумно да ги стави вон сила извршните дејствија на извршителот во тој дел односно да го одбие приговорот како неоснован.

**КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
Претседател,
Весна Дедовска

Ул. Костурски херои бр.66/4 Скопје
тел. 02 3225 674 тел/фах 02 3239 877
e -mail: izvrsitelinarm@yahoo.com

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
DHOMA E PËRMBARUESVE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 02-218/17-1
08.05. 2025 год.-viti
СКОПЈЕ

Врз основа на член 78 од Законот за извршување („Службен весник на РМ“ бр.72/15, 142/16, 233/18, 14/20 и 154/23) Управниот одбор на Комората на извршители на РСМ на 263-та седница на Управниот одбор на КИРСМ одржана на ден 08.05.2025 година, го усвои следниот:

СТАВ

Ако доставувањето на актите до странски државјанин треба да се изврши во странство, извршителот е овластен да направи обид за достава на актите по препорачана пошта во странство ако странката изрично се согласила со овој начин на достава во извршниот наслов.

Доставата на актите до странски државјанин кој има адреса на живеење во странство извршителот да ја врши согласно Законот за ратификација на Конвенција за доставување во странство на судски и вонсудски акти во граѓански или трговски работи, Хаг 15.11.1965 год.,(„Сл.весник на РМ“ бр.107 од 29.08.2008 година) кога адресата на лицето е позната, односно согласно предвиденото со Законот за ратификација на Конвенција за граѓанска постапка, Хаг, 1.3.1954 година („Службен лист на ФНРЈ“ – додаток бр.6/62).

Ако помеѓу Република Северна Македонија и странска држава постои договор за пружање правна помош во граѓанските и кривичните предмети, а со меѓунареден билатерален договор е уредено доставувањето да се врши поинаку од напред наведените начини на доставување, доставувањето ќе се изврши според тој меѓународен договор.

Ако адресата на странецот е непозната или нецелосна извршителот согласно член 40 став 1 алинеја 13 од Законот за извршување ќе поднесе барање за поставување на старател за посебени случаи до Центарот за социјални работи.

**КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
Претседател,
Весна Делювска

Ул. Костурски херои бр.66/4 Скопје
тел. 02 3225 674 тел/фах 02 3239 877
e -mail: izvrsitelinarm@yahoo.com

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
DHOMA E PËRMBARUESVE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 02-218/18-1
08.05. 2025 год.-viti

Врз основа на член 78 од Законот за извршување („Службен весник на РМ" бр. 72/15, 142/16, 233/18, 14/20 и 154/23) Управниот одбор на Комората на извршители на РСМ на 263-та седница на Управниот одбор на КИРСМ одржана на ден 08.05.2025 година, го усвои следниот:

# СТАВ

Доверителот има право да поднесе до извршителот предлог за промена на средството односно доверителот може да изјави приговор за неправилности до судот на околност дека со избраното средство за извршување трпи штета, доколку има сознанија дека должникот има друг имот со кој ќе може целосно да се намири. Доверителот е овластен во секое време да го повлече барањето за извршување и извршувањето да се запре со заклучок поради повлекување на барањето.

Должникот има право во тек на извршувањето да врши сукцесивно плаќање на долгот на посочената посебна сметка на извршителот со што се ослободува од обврската за износот кој што е платен. Во ваков случај каматата се пресметува и наплатува до денот на секоја поединечна наплата на средствата на посебната сметка на извршителот согласно член 18 став 1 од Законот за извршување.

Доколку доверителот врши поврат на средствата наплатени од делумно спроведено извршување на сметката на извршителот, извршителот ги чува паричните средства на неговата посебна сметка и со секој нов прилив на средства од должникот истиот во вкупен износ со претходните приливи да ги префрла на сметката на доверителот, и се така до конечната наплата на долгот, а трошоците кои се настанати за преносот на наплатените средства на сметката на доверителот, а потоа се вратени на посебната сметка на извршителот, да се наплатуваат од доверителот.

**КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
Претседател,
Весна Деловска

Ул. Костурски херои бр.66/4 Скопје
тел. 02 3225 674 тел/фах 02 3239 877
е -mail: izvrsitelinarm@yahoo.com

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
DHOMA E PËRMBARUESVE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 02-218/19-1
08.05. 2025 год.-viti

Врз основа на член 78 од Законот за извршување („Службен весник на РМ" бр.72/15, 142/16, 233/18, 14/20 и 154/23) Управниот одбор на Комората на извршители на РСМ на 263-та седница на Управниот одбор на КИРСМ одржана на ден 08.05.2025 година, го усвои следното изменето и дополнето:

## ПРАВНО МИСЛЕЊЕ

дел.бр. 02-721/2-2 од 19.08.2016 година на Управен одбор на КИРСМ и истото гласи:

При реализација на нотарски акт – договор за хипотека, доверителот може да бара предавање на недвижноста во владение на доверителот во рамки на она што е договорено во договорот за хипотека, а согласно одредбите од Законот за договорен залог.
Доколку доверителот со барањето за извршување бара да се спроведе извршување за остварување на непарично побарување ( кое се состои во предавање на недвижноста во владение на доверителот) согласно член 62 од Законот за договорен залог, извршителот е должен да постапи по барањето и да го реализира непаричното побарување односно да ја предаде недвижноста во владение на доверителот согласно одредбите содржани во глава 21 од Законот за извршување.
Кога е започната постапка за реализација на хипотека пред извршител за намирување на парично побарување со продажба на недвижноста, а доверителот не побарал предавање на недвижноста во владение пред да започне постапката за реализација на хипотеката, извршителот ќе постапи согласно одредбите од член 178 и член 195 од Законот за извршување и недвижноста ќе му ја предаде во владение на купувачот.
Кога доверителот обезбедил свое парично побарување со засновање на заложно право врз недвижност и според извршната исправа прво побара предавање на недвижноста во владение, извршителот е должен да постапи според извршната исправа и да му ја предаде недвижноста во владение на доверителот. Ако доверителот потоа побара реализација на паричното побарување со продажба на недвижноста која предходно преминала во владение на доверителот, а недвижноста не можела да се продаде, според член 180 од ЗИ извршителот го запира извршувањето спрема оваа недвижност, а недвижноста останува во владение на доверителот.

Кога извршната исправа која ја донел нотар има извршна клаузула за реализација на хипотека и за предавање на недвижноста во владение доверителот би требало да поднесе едно барање за извршување кај извршител, ова поради причини на економичност на постапката а особено затоа што извршувањето може да се спроведе само кај еден извршител ( член 2 став 4 од Законот за извршување).

Ако е нотарскиот акт е со јасно дефинирани клаузули за извршност, нема правна пречка да се спроведе испразнување по барање на доверителот, од причина што должникот се согласил на условите дефинирани во извршната исправа.

**КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
Претседател,
Весна Деловска